Вклучување нови точки во дневниот ред

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред, или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето со образложение или предлог-одлука се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер - правно лице.

Заедно со барањето, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер - физичко лице се приложува:
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена;
   - Копија од лична карта или пасош.

2. За акционер - правно лице се приложува:
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
   - Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена;
   - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да биде примен во ТД МАКОШПЕД АД Скопје најдоцна во рок од 8 (осум) дена од објавата на повикот за одржување собрание на акционери на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето :

ТД МАКОШПЕД АД Скопје
Ул. Македонија бр. 19 Скопје
Одбор на директори на Друштвото
Со назнака: „За собрание на акционери“.